**Н А Ц Р Т**

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2025 година

Скопје, март 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2025 година**

Седницата започна во 13:15 часот.

На седницата претседавше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Влатко Стојкоски, директор на Државен пазарен инспекторат.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2025 година**

**- Усвојување на Записникот од Педесет и осмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2025 година**

**- Усвојување на Записникот од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 март 2025 година**

**- Усвојување на Записникот од Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 март 2025 година**

1. Акционен план за преструктурирање и развој на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за периодот 2025-2027 година

2. Реформска агенда и План за преструктуирање на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје (2025-2027).

3. План за реструктуирање на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија", во државна сопственост - Скопје

4. Предлог-одлука за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

5. Предлог-одлука за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

6. Предлог-одлуки за изземање од стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (КО Штип 2 и КО Штип 3)

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.19/2025)

8. Деловен и Финансиски извештај за 2023 година на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, со статус на организација од јавен интерес, со Извештај на независниот ревизор

9. Деловен извештај за периодот 1.1.2023 година - 31.12.2023 година, Финансиски извештај и Годишна сметка за 2023 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со Извештај од независниот ревизор

10. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесета одлука)

11. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 5 март 2025 година до 11 март 2025 година

12. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Е2.1 – Автобуска станица)

13. Предлог на закон за енергетика(*)

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за дивечот и ловството

15. Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија

16. Предлог на закон за изменување на Законот  за практикантство

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот  за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата

21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничките барања за производите и оцена на сообразност

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот

23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони

24. Предлог на закон за изменување на Законот за мирно решавање на работните спорови

25. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) (17 измена)

26. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот на вршење на техничкиот преглед на изведените рударски објекти и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед

27. Информација за потребата од реструктуирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор

28. Информација за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука

30. Информација за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука

31. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, со текст на Анекс бр.6 на договор

32. Информација во врска со Барањето на концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Караниколос со реф.бр. 80, со текст на Анекс бр.5 на договор

33. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Далибор Лазов, ул.Маршал Тито бр.282, Неготино, со Предлог-одлука

34. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Соња Попова ул. „Игман“ бр.48 Кавадарци, со Предлог-одлука

35. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Алтнка Шикова, ул.„Бел Камен“ бр.11, Кавадарци, со Предлог-одлука

36. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ермин Рушовиќ, бул. „Јане Сандански“ бр.79А-31, Скопје, со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Сашо Попов ул.Ѓорѓи Сугаре бр.20, Кавадарци, со Предлог-одлука

38. Информација за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Чифлик, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука

39. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“, Општина Неготино, со Предлог – одлука

40. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–јаглен на локалитетот „Дедебалци“, Општина Могила

41. Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.351 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје

42. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.277 на локација „Воденешница“

43. Информација во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2025 година, со Оперативен буџет за 2025 година

44. Информација за статусот на реализација на Проектот за поврзување на локални патишта (Договор за заем бр. 9034-МК и Договор за заем за дополнително финансирање бр.9210-МК финансиран од Светска банка) и потребата од пренамена на алоцираните средства кои општините нема да ги искористат од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 33/20)

45. Информација за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за изградба на Плоштад Скендербег, фаза 3 (подземен паркинг)

46. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци (ГП бр.5.2.13)

47. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци (ГП бр. 6.1.56)

48. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци (ГП бр.5.4.20)

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини

50. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка - царинска стапка за живински и птичји јајца во лушпа, свежи, конзервирани или варени

51. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи

52. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР" во Република Косово

53. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА", во Босна и Херцеговина

54. Предлог на закон за изменување на Законот за правата на носителите на Партизанска споменица 1941, на лицата одликувани со Орден на народен херој и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година

55. Предлог на закон за изменување на Законот за обележување, уредување и одржување на гробишта и гробови на борците погребани на територија на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територија на Република Македонија

56. Предлог на закон за изменување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства

57. Предлог на закон за изменување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна

58. Предлог на закон за изменување на Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци

59. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2025 година

60. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2025 година

61. Информација за реализација на активности за финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми, со Предлог-одлука и Предлог-деловник

62. Предлог-решение за назначување на координатор, членови и заменици - членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија

63. Годишен извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, за периодот 1.1.2023 година - 31.12.2023 година

64. Барање за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска

65. Барање за давање на автентично толкување на член 3 став 1 точка 4-а) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21 и 99/22), поднесено од пратеникот Златко Пенков

66. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година

67. Иницијатива поднесена од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.273/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 7 ставови (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) и Автентичното толкување на членот 7 ставови 2, 3 и 4 од истиот закон, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/24

68. Иницијатива поднесена од Друштво за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија - Моззарт ДОО Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.274/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 7 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) и Автентично толкување на членот 7 ставови (2), (3) и (4) од истиот закон, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/24

69. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.272/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 19 од Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.182/24 и 251/24)

70. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5705, КО Радишани, на КП бр.2035. викано место/улица „Гробишта"

71. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Меѓународен балкански универзитет во Скопје

72. Кадровски прашања

73. Прашања и предлози

74. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничката инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, за периодот 1.7.2024 година – 30.9.2024 година

75. Оперативен и финансиски план на АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје за 2025 година и Програма за работа на АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје за 2025 година

76. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, за периодот април – јуни 2024 година

77. Акциски план за преземените мерки по забелешките и препораките од ревизорите од Мур стивенс ДОО по Годишната сметка на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје за 2023 година

78. Тримесечен извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.7.2024 година до 30.9.2024 година

79. Записник од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 14 март 2024 година и Записник од Втората седница на Групата за процена на ризици и опасности, одржана на 11 март 2025 година, со предлог – одлуки

80. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и трета одлука)

81. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и осма одлука)

82. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и втора одлука)

83. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и четврта одлука)

84. Предлог-програма за распределба и користење на средства за реализација на проекти во сообраќајната инфраструктура за 2025 година

85. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Европски патен коридор од стратешки интерес, Коридор 8: делница Кичево - Охрид на минерална суровина – дијабаз на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Врбјани", Општина Дебарца

86. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање и делокруг на координативно тело за интелектуална сопственост

87. Информација за извршени контроли согласно Извадокот од Нацрт - записникот од Шеесеттата седница на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 16 март 2025 година, за вонредни инспекциски надзори врз угостителски објекти (кабареа, ноќни барови, дискоклубови и дискоклубови на отворен простор) на територијата на Република Северна Македонија

88. Информација со Предлог-решение за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста

89. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за потпишување на правни исправи за ангажирање на меѓународна адвокатска куќа за обезбедување на правни услуги од областа на меѓународното и швајцарското право, со прилог Полномошно и Писмо за ангажирање

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2025 година, Записникот од Педесет и осмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2025 година, Записникот од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 март 2025 година и Записникот од Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 март 2025 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Акциониот план за преструктурирање и развој на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за периодот 2025-2027 година.

Истовремено, се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на  Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата ја разгледа и усвои Реформската агенда и План за преструктуирање на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје (2025-2027).

Истовремено, се укажува на Акционерското друштво Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на  Министерството за финансии.

**Точка 3**

Владата го разгледа и усвои Планот за реструктуирање на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“, во државна сопственост - Скопје.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 6

Владата ги донесе:

- Одлуката за иземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (ул. „Партизанска“ 57),

- Одлуката за иземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (ул. „Партизанска“ 55а) и

- Одлуката за иземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (ул. „Фортуна“).

Истовремено, Владата ја задолжи Комисијата за станбени прашања на Владата на Република Северна Македонија, да донесе соодветен акт за решавање на статусот на станарот Амиде Јусиниова, како замена за станот на ул. „Партизанска" бр.57/5 која го користи врз основ на Решение за пренос на станарско право бр.25-7309 од 13.10.2010 година, издадено од Министерство за транспорт и врски и Договор за закуп на стан бр.09-127 од 11.12.2014 година.

## Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.19/2025).

## Точка 8

Владата ги разгледа и ги усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2023 година на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, со статус на организација од јавен интерес, со Извештај на независниот ревизор.

**Точка 9**

Владата ги разгледа и усвои Деловниот извештај за периодот 1.1.2023 година до 31.12.2023 година, Финансискиот извештај и Годишната сметка за 2023 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со Извештај од независниот ревизор.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесета одлука).

**Точка 11**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 5 март 2025 година до 11 март 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Е2.1 – Автобуска станица), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот на закон за енергетика(*) и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Министерството за финансии и Министерството за транспорт.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за енергетика(*), согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определи м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а за повереник Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

*
*     *

Овој закон не е доставен до Собранието на Република Северна Македонија и е повторно разгледан и утврден на Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 март 2025 година.

*
*     *

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за дивечот и ловството и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усогласи Образецот за проценка на фискални импликации со Министерството за финансии и да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела.

2. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за дивечот и ловството, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Фљакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Борче Серафимовски, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Даниела Иротова - Лазаревска, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Точка 16**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за практикантство, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за практикантство кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај, кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Точка 20**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Адеми Јумни, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Точка 21**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за техничките барања за производите и оцена на сообразност, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Точка 23**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство и Министерството за транспорт.

**Точка 24**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за мирно решавање на работните спорови, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за мирно решавање на работните спорови кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Точка 25**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) (17 измена).

**Точка 26**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на вршење на техничкиот преглед на изведените рударски објекти и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од реструктуирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да побара од Светска банка реструктуирање на постојниот заем бр. 9038-МК за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор со цел овозможување на целосна реализација на постојните компоненти и користење на средствата од одобрениот инвестициски грант од Инвестициската рамка за Западен Балкан (VVBIF), како и обезбедување на временска рамка за целосна имплементација на проектните активности со продолжување на рокот за реализација на проектните активности за дополнителни 16 месеци, со што Проектот би завршил на 31 јануари 2027 година, наместо на 30 септември 2025 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, со текст на Анекс бр.6 на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент, да склучи Анекс бр.6 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, заведен под бр.11-4342/ 1 од 7.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 22.12.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да побара од концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, најмалку до 20 февруари 2026 година.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Караниколос со реф.бр. 80, со текст на Анекс бр.5 на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс бр.5 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос, бр. 11-692/1 од 25.1.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 8.1.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот за МХЕЦ Караниколос, најмалку до 9.3.2026 година.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Далибор Лазов, ул.Маршал Тито бр.282, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Соња Попова ул. „Игман“ бр.48 Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Алтнка Шикова, ул.„Бел Камен“ бр.11, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ермин Рушовиќ, бул. „Јане Сандански“ бр.79А-31, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Сашо Попов ул.Ѓорѓи Сугаре бр.20, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Чифлик, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Чифлик, Општина Чешиново-Облешево.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“, Општина Неготино, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“, Општина Неготино.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–јаглен на локалитетот „Дедебалци“, Општина Могила, ја усвои Информацијата и даде согласност на поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Дедебалци“, Општина Могила.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.351 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.351 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје до 17.6.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Еко тера ДОО Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.351 Зрновска Река.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.277 на локација „Воденешница“, ја усвои и го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да ја врати банкарската гаранција на концесионерот ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје за МХЕЦ бр.277 на локација „Воденешница“.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2025 година, со Оперативен буџет за 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2025 година.

2. Го задолжи Министерството за транспорт да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на Оперативниот буџет за 2025 година.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на Проектот за поврзување на локални патишта (Договор за заем бр. 9034-МК и Договор за заем за дополнително финансирање бр. 9210-МК финансиран од Светска банка) и потребата од пренамена на алоцираните средства кои општините нема да ги искористат од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33/20), ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт да ги извести засегнатите општини дека крајниот рок за поднесување на комплетната проектно - техничка документација за изградба / реконструкција на локални патишта и улици, а со цел искористување на преостанатите средства е 21.3.2025 година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за изградба на Плоштад Скендербег, фаза 3 (подземен паркинг) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025, 2026, 2027, 2028 и 2029 година на Министерството за транспорт, за изградба на Плоштад Скендербег,

фаза 3 (подземен паркинг), во вкупна вредност од 1.544.800.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2025 година – средства во износ од 130.000.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2026 година – средства во износ од 353.700.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2027 година – средства во износ од 353.700.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2028 година – средства во износ од 353.700.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2029 година – средства во износ од 353.700.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да отпочне постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за изградба на Плоштад Скендербег, фаза 3 (подземен паркинг).

3. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци (ГП бр.5.2.13).

**Точка 47**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци (ГП бр. 6.1.56) и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци (ГП бр.5.4.20).

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Точка 50**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог – одлуката за укинување на увозната давачка - царинска стапка за живински и птичји јајца во лушпа, свежи, конзервирани или варени.

Истовремено, се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, како овластен предлагач, на наредната седница на Владата да го достави на разгледување истиот материјал.

**Точка 51**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереници Елена Кузмановска Биондиќ, државен секретар во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Веле Трпевски, директор на Директорат во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР" во Република Косово.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА", во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието Република Северна Македонија на да ја разгледа.

За преставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, директор на Директорат во Министерството за одбрана.

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за правата на носителите на Партизанска споменица 1941, на лицата одликувани со Орден на народен херој и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници м-р Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Сузана Анова, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за обележување, уредување и одржување на гробишта и гробови на борците погребани на територија на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територија на Република Македонија, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници м-р Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Сузана Анова, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници м-р Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Сузана Анова, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници м-р Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Сузана Анова, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Министерството за јавна администрација.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници м-р Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Сузана Анова, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 59**

Владата ја донесе Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2025 година.

**Точка 60**

Владата ја донесе Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2025 година.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активности за финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми, со Предлог-одлука и Предлог-деловник, ја усвои и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за формирање за Комисија за поддршка на печатени медиуми.

2. Го донесе Деловникот за работа на Комисијата за поддршка на печатени медиуми.

## Точка 62

Владата го донесе Решението за назначување на координатор, членови и заменици - членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

## Точка 63

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, за периодот 1.1.2023 година - 31.12.2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 18 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државната комисија) го следи спроведувањето на мерките од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси и подготвува годишни извештаи и завршен извештај за спроведување на истата. Во ставот (7) од истиот член на Законот утврден е рокот за доставување на годишниот и завршниот извештај до Собранието на Република Северна Македонија (најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година).

Согласно горенаведените одредби од Законот, во утврдениот рок Државната комисија до Собранието на Република Македонија го доставила Годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година (во понатамошниот текст: Годишниот извештај), кој го усвоила на 6 февруари 2024 година. Годишниот извештај е трет извештај за спроведувањето на мерките предвидени со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година (во натамошниот текст: Националната стратегија) и истиот се однесува на спроведувањето на мерките предвидени да се реализираат до крајот на 2023 година.

Доставувањето на Годишниот извештај од Државната комисија до Собранието на Република Северна Македонија е во функција на запазување на обврската утврдена со горенаведените одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Годишниот извештај е подготвен врз основа на информации добиени од надлежните институции кои се носители на активности согласно Акциониот план за спроведување на Националната стратегија. Како што известува Државната комисија, собирањето на податоците и информациите од надлежните институции првенствено се извршило преку веб-апликација посебно развиена за поефикасно следење на спроведувањето на активностите предвидени со Акциониот план за спроведување на Националната стратегија.

Државната комисија извршила анализа и евалуација на податоците доставени од институциите и го утврдила статусот на активностите кои се предмет на евалуација за извештајниот период и тоа:
- активностите чијшто утврден рок за реализација во Акциониот план е 2023 година;
- активностите чијшто утврден рок за реализација е 2021 или 2022 година, а кои во периодот на претходната евалуација биле со статус на реализација „Во тек“ или „Нереализирана“ и
- континуираните активности.

Во 2023 година, вкупно 166 активности биле предвидени за реализација, од кои 157 активности се предвидени во Акциониот план со рок 2021 или 2022 година или како континуирани активности. Останатите 9 активности се предвидени со рок за реализација во 2023 година.

Од добиените извештаи и направените проверки, Државната комисија утврдила дека од вкупно 166 предвидени активности за реализација, во 2023 година 22 биле реализирани, 89 не биле реализирани, додека 55 активности биле во тек на реализација.

Според тоа, од вкупно (166) евалуираните активности во 2023 година најголем е процентот на нереализираните активности-54%, активностите со статус „Во тек“ опфаќаат 33%, а целосно реализирани активности се 13%.

Од компаративниот приказ за 2021, 2022 и 2023 година, Државната комисија забележала позначајно зголемување на активностите во секторите здравство и труд и социјална политика.

Спроведените активности за собирање на информациите за Годишниот извештај се во функција на спроведување анализа и согледување на потребата да се донесе одлука со која Државната комисија утврдува потреба за изменување на Националната стратегија.

Имајќи ја предвид вкупната реализација на активностите од Националната стратегија во изминатите три години, а со цел запазување на пристапот кон утврдување на слабостите во реализацијата на истата, Државната комисија повторно ги истакнува генералните препораки дадени со првиот годишен извештај за спроведувањето на Националната стратегијата и тоа:
• Да се воспостави силен механизам за контрола, но и институционална одговорност за реализација на мерките;
• Да се интензивираат активностите на Собранието на Република Северна Македонија во насока на зголемена отчетност, одговорност и транспарентност на носителите на јавни функции во извршната власт, задолжени за спроведување на активностите од Акциониот план за спроведување на Националната стратегија (комисиски, надзорни расправи и сл.);
• Институциите-носители на активностите предвидени со Акциониот план за спроведувањето на Националната стратегија да создадат услови за континуиран и ефективен систем за известување за степенот на реализација на активностите за кои се задолжени, во рамки на институцијата, како и кон Државната комисија;
• Да се обезбедат средства за зајакнување на капацитетот на Државната комисија, со формирање на одделение за следење на реализацијата на Националната стратегија, за континуирана комуникација со институциите, со цел да биде активен двигател за

реализацијата на активностите, преку квартално прибирање на податоци од институциите и редовно одржување состаноци по области.

• Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се изврши изменување и дополнување на Националната стратегија, во насока на ажурирање и прилагодување на мерките и активностите (рок за реализација, индикатор, надлежна институција и др.), вградување на предлозите на собраниските тела при усвојувањето на Националната стратегија и дефинирање на дополнително детектирани приоритетни проблеми и тоа кои се однесуваат на инспекциските служби и располагањето со имот во државна сопственост и сопственост на единиците на локалната самоуправа.

Покрај горенаведените препораки, Државната комисија со Годишниот извештај дава дополнителни препораки кои се однесуваат на одделни хоризонтални области и сектори.

Согласно член 18 став (8) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија донесува одлука за изменување на Националната стратегија кога врз основа на спроведени анализи или согледувања од годишните извештаи за нејзиното спроведување ќе утврди дека тоа е потребно. Измената на Националната стратегија се подготвува во постапка утврдена со член 18 став (5) од Законот, согласно кој постапката се спроведува со учество на претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми и се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Врз основа на согледувањата од Годишниот извештај, може да се констатира потребата за спроведување на постапка за изменување на Националната стратегија. Во таа насока, а како причини поради кои не се реализирани дел од предвидените мерки и активности, потребно е да се има предвид и следното:

▪ Неопходно е методолошко усогласување на Акциониот план за спроведувањето на Националната стратегија, од аспект на разложувањето на предвидените мерки во активности, определувањето на надлежните институции и фискалните импликации (потребните износи на финансиски средства и извори на финансирање);

▪ Потребно е појаснување на одредени термини и мерки предвидени со Акциониот план, како и прецизирање на констатациите наведени во наративниот текст на Националната стратегија со кои се презентираат одредени состојби, имајќи ги предвид поединечните мислења на надлежните институции;

▪ Институции кои не се одговорни пред министрите кои раководат со министерства кои се носители на одредени предвидени мерки и активности не ги реализирале активностите кои се предвидени со Акциониот план за спроведување на Националната стратегија кои претходат на мерките/активности чии носители се надлежните министерства;

▪ Потребно е да се преразгледа статусот на реализација на одредени активности, односно мерки од аспект на тоа дали тие се веќе реализирани во функција на постигнување на определените цели [Примери: Постои неусогласеност на ставовите за статусот на реализација на Активноста 1.1 за Мерка 1 под Проблем 1 за секторот Образование (според Министерството за образование и наука, активноста е реализирана, материјата е прецизно уредена со закон), како и за статусот на активноста 1.1 за мерка 1 под Проблем 5 за истиот сектор (според Министерството за образование и наука, активноста е реализирана, со тоа што релевантниот подзаконски акт има важност до донесување на нов). Забележана е грешка во определувањето на статусот на реализација на Активноста 2.1. под мерката 2, за Проблем 1 за секторот Труд и социјална политика. Имено, за таа активност потребно е статусот „во тек“ да се промени во статус „реализирана“, бидејќи во предметниот период, согласно информацијата добиена од Министерството за труд и социјална политика, експерт ангажиран во рамките на СИАП проектот ја изработил и испорачал анализата за тековниот процес за оцена на инвалидноста/способноста за работа. Под мерката 1 за Проблем 3 од Секторот 5.9. Земјоделство, статусот на Активноста 1.3. треба да се промени и да гласи „реализирана“, затоа што Законот за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој е донесен и истиот е објавен во Службен весник, бр. 263/23];

▪ Потребно е да се преразгледа определувањето на надлежните институции за реализација на одредени активности [Пример: Постои неусогласеност на ставовите за тоа која институција е надлежна за реализација на Активноста 2.1 под Мерката 2 за Проблем 3 на секторот Економија и бизнис. Имено, според Министерството за внатрешни работи, активноста за надградба на Регистарот на возила на државни органи, органи на локална самоуправа, јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал регистар на моторни возила е во надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата, истиот е објавен на веб-порталот на Државната комисија, а Министерството не е надлежно да води регистар на моторни возила, туку само евиденција на регистрирани моторни возила.];

▪ Мерка која била предложена во текот на јавните консултации за Националната стратегија била предвидена без консултација со институцијата носител [Сектор 5.3. Органи за спроведување на законот, Проблем 2, Мерка 3 Воведување статус на правосудна полиција на вработените во Секторот за професионална одговорност при Царинската управа (согласно Законот за кривична постапка чл. 46, 47)].

▪ Предвид значењето на Националната стратегија и потребата за соодветно и прецизно презентирање на степенот на имплементација на акциониот план за нејзиното спроведување, потребно е да се уреди меѓуинституционалната комуникација и координација во процесот на собирање и обработка на податоците за подготовка на годишните извештаи за спроведувањето на Националната стратегија. За таа цел, собирањето на податоците за степенот на имплементација на Националната стратегија треба да се врши во период по завршување на периодот на кој се однесува Годишниот извештај;

За подготовка на Методологијата за подготовка на секторската проценка на ризици, подготовка на Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси, како и за следењето на спроведувањето на националната стратегија, потребно е Државната комисија да ги зајакне своите капацитети и да соработува со заинтересирани граѓански организации и академската заедница, заради добивање експертски мислења, експерти и поттикнување независен механизам за следење на имплементацијата на Националната стратегија;

При подготовката на Методологијата за подготовка на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за следниот петгодишен период, потребно е да се има предвид потребата за поедноставно изменување на Акциониот план за спроведување на Националната стратегија, во деловите кои се однесуваат на активностите за спроведување на определените мерки и надлежните институции. Предвид промената на надлежностите на носителите на активностите, согласно измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа, донесени во јуни 2024 година, Државната комисија потребно е да го организира собирањето на податоците и од новоформираните министерства за активностите кои спаѓаат во нивна надлежност.

Во врска со донесената одлука за изменување на Националната стратегија и поднесената измена на Националната стратегија, Владата на Република Северна Македонија до Собранието на Република Северна Македонија достави мислење (допис број 41.5-1908/2 од 13 февруари 2024 година) со укажувања кои и во контекст на предметниот извештај потребно е да се земат предвид.

Предвид индикаторот предвиден со Патоказот за Владеење на правото, во делот II. Борба против корупцијата, а во делот на мерки и активности кои се однесуваат на спроведувањето на Националната стратегија, неопходно е Државната комисија да обезбеди следење на спроведувањето на Акциониот план 2021 – 2025 година и неговите измени и по завршување на периодот за негово спроведување.

Покрај унапредувањето на меѓуинституционалната комуникација и координација, од особено значење е процесот на подготовка и донесување на Националната стратегија за следниот петгодишен период да биде проследен со соодветно стратешко планирање, односно мерките и активностите што ќе се предвидат во Акциониот план за спроведување на Националната стратегија соодветно да се предвидат и во поединечните програми за работа на институциите носители на активностите.

Во определувањето на насоките за изменување на Националната стратегија, односно подготовка на новата национална стратегија, се укажува дека од особена важност е да се имаат предвид мерките и активностите предвидени со Патоказот за владеење на правото, како и индикаторите и областите на интервенција предвидени со Стратешкиот одговор во рамките на ИПА за Прозорец 1. Владеење на правото, фундаментални права и демократија, Тематски приоритет 2. Борба против корупцијата, кои се основа за финансиската поддршка од Европската Унија.

Согласно методологијата за проширување на Европската унија „Зајакнување на процесот на пристапување–Кредибилна перспектива за Западен Балкан“, со која се воведуваат тематски кластери, Борбата против корупцијата се следи во рамки на првиот тематски кластер „Темелни вредности“, кој прв се отвора, последен се затвора, а резултатите ќе бидат услов за подлабока секторска интеграција и напредок во сите понатамошни кластери.

**Точка 64**

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да подготви и до Владата да достави ново мислење на материјалот.

**Точка 65**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 3 став 1 точка 4-а) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21 и 99/22), поднесено од пратеникот Златко Пенков и притоа го утврди следното мислење:

Со доставениот допис се бара од Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на член 3 став (1) точка 4-а) на начин што ќе констатира дека акционерско друштво кое поседува сопствени акции не може да се смета за акционер во вистинска смисла.

При изложувањето на аргументацијата во врска со законските одредби кои се применливи во конкретната правна ситуација, подносителот се ослонил на одредбата од член 338 во врска со член 278 став (1).

Со член 278 став (1) од Законот за трговските друштва се уредени правата кои се содржани во обичните акции (право на глас во собранието, право на дивиденда и право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото), а со член 338 е нормирано дека правата од стекнатите сопствени акции мируваат.

Но, при изложувањето на аргументацијата подносителот ја немал предвид содржината на член 332 став (1), согласно кој друштвото не може да запишува сопствени акции. Оттука, акционерското друштво не може да биде единствен акционер во посочуваната смисла.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година и притоа го утврди следното мислење:

На прв впечаток, предметниот извештај, особено по бројот на страници, личи на обемен материјал кој треба да содржи концизни и специфицирани податоци за работата на Регулаторната комисија за домување. После неговото читање, до крај на текстот не може да се согледа конзистентен резултат, а освен неколку цифри кои се повторуваат по неколку пати во овој извештај, ништо суштинско не може да се согледа како резултат.

Исто така, може да се заклучи дека 50% од содржината на овој материјал е всушност истиот материјал напишан на албански јазик, а по содржината воопшто не може да се одреди дали ги задоволува критериумите на концизен, систематизиран и прегледен извештај.

Ако се следат таксативно набројаните надлежности на Регулаторната комисија за домување, од прва до последна точка на став (1) од членот 109 од Законот за домување кој ги дефинира надлежностите на Регулаторната комисија за домување, не може да се детектира некаква поголема активност, освен дневно-административни работи кои по сила на закон Комисијата е должна да ги сервисира секојдневно.

Што се однесува до содржината и квалитетот на обработените предмети, не може да се дискутира, бидејќи никаде во Извештајот не е специфицирано од каква природа се набројаните предмети, особено во давање на мислења или особено во активностите за давање на упатства до управителите, сопствениците на станови, заедниците на сопственици или пак до органите на единиците на локалната самоуправа (градоначалници и овластени инспектори за домување).

Исто така, се поставува прашањето како работи во моментов Регулаторната комисија за домување, кога од вкупно предвидените пет члена, двајца не се повеќе во состав на Комисијата, никаде во Извештајот не е наведено барање за нови членови, а нејасно е и како оваа комисија ги донесува актите со своето работење, кога со членот 111 став (2) од Законот за домување е децидно пропишано дека „Регулаторната комисија донесува одлуки со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови“, дали тоа значи со два гласа ЗА се донесуваат одлуки и акти на Регулаторната комисија за домување?

Никаде не е назначено и специфицирано, а се цитирани еден грст документи кои се донесени од страна на регулаторот како интерни акти.

Понатаму, ако се разгледуваат подетално надлежностите на Регулаторната комисија за домување кои се предвидени со Законот за домување, а истите се пропишани во членот 109, став (1), таксативно наведени во точките:

1) Со точката 1, каде што во надлежност на регулаторот е „да донесе статут“, кој е веќе донесен во 2010 година, нема потреба од никакво стручно ниту детално објаснување за точката.

2) Како регулаторот „се грижи за квалитетно задоволување на станбените потреби на населението, согласно со современите стандарди за квалитетен живот, заштита на животната средина и природата", освен дека претседателот бил на студиско патување во Шведска од каде што нема никаква информација за што детално станало збор и какви искуства донел во Република Северна Македонија, освен дека склучил меморандум за соработка со НВО „ОДС - Организација за домување и станари".
3) Што направиле во однос на надлежноста за „поднесува предлог за висината на износот за посебните делови од резервниот фонд, најниската вредност на истиот, како и за видот на трошоците за кои ќе се користат средствата од резервниот фонд, во зависност од староста на објектот, бројот на посебните делови во зградата и видот на материјалот од кој е изградена зградата", дали тука направиле некакви анализи или студиски активности и покрај тоа што сите трошоци во глобала се зголемени, а ова е останато непроменето. Обврска на регулаторот е да ги следи овие трендови и да поднесува предлози до Министерството, досега вакви предлози нема доставено.
4) „Непрофитното домување" е едно од најбитните надлежности на регулаторот за кои не може ништо да се најде во предметниот извештај, особено што во Република Северна Македонија има Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје кое исклучиво работи во делот на непрофитното домување, а регулаторот никаде не спомнал какви активности преземал во врска со соработката или било каков контакт со ова акционерско друштво.
5) Една од главните активности кои се очекуваа од регулаторот кога е донесен Законот за домување беше и „надлежноста за вршење категоризација на станови и станбени згради согласно со пропишаните критериуми од членот 97 на Законот за домување", па за оваа активност не е добиен никаков извештај во последните 15 години, а особено во последните седум години од работењето на Регулаторната комисија за домување.
6) Сувопарните бројки кои се наведени во предметниот извештај за издадени, одземени, продолжени и истечени лиценци се единственото што го има во овој извештај и тоа ПОВТОРЕНО ВО ЦЕЛОСТ неколку пати, како да требало да се пополни простор во материјалот, без некоја посебна причина зошто се повторуваат истите бројки.
7) Можело да се каже во Извештајот дека имало и „иницијатива за измена на законските решенија", но од аспект што во тие иницијативи провејуваа барања од регулаторот за остварување на дополнителни средства, како воведување на дополнителни давачки на граѓаните, што беше одбиено од страна на Министерството за транспорт, се претпоставува дека затоа и не е спомнато во овој извештај иницирањето на Регулаторната комисија за домување за измени на Законот за домување како возможност дадена со законот.
8) За надлежноста „посредување во разрешувањето на спорови што настануваат меѓу закупците, закуподавачите, управителите, претседателите на заедниците на сопственици, сопствениците на посебните делови и трети лица во областа на домувањето и предлага мерки во врска со истите", овие бројки ништо не можат да претстават, особено што не може да се види за какви случаи станува збор дури ни со одреден пример за разрешување на спорови, за кои Министерството за транспорт, смета дека во одредени случаи не е вршена оваа активност согласно законските решенија, туку напротив цитирани се законски решенија во погрешен смер, односно, за предмет за нумерација на посебни делови е наложувано постапување на управител и покрај тоа што управителот ги извршува тие работи САМО согласно дефинирани сопственички делови, скици заедно со имотни листови, а во ниеден случај управителот не е орган за решавање на имотно-правни односи помеѓу сопствениците

на посебни делови. Да не биде оптеретено ова мислење со понатамошни примери, регулаторот кога ќе го коригира овој извештај, да го достави и предметот 03-562/2 од 14.11.2024 година од неговата архива за да може законодавниот дом да процени во кој смер ги решавал споровите кои му се дадени во негова надлежност.
9) Истото се однесува и до наведените бројки за „предлозите", за кои не може да се даде коментар, но ако се со слична содржина како дописите за разрешување на спорови, може да се претпостави зошто регулаторот покрај толку посети на терен имал многу мал одзив во спроведената анкета.
10) При „вршење на периодични проверки на управителите за исполнувањето на условите врз основа на кои им е издадена лиценцата", освен колку се направени, никаде нема било каква систематизација и спецификација за тоа што „откриле" тие проверки и кој е резултатот?

Што во суштина е и основниот недостаток на овој извештај?
Резултат од работењето на Регулаторна комисија за домување е непознат во смер на нејзино унапредување на квалитетно задоволување на станбените потреби на населението, согласно со современите стандарди за квалитетен живот, заштита на животната средина и природата.

Исто така, не е помалку важно да се постави прашањето каде отишле 160 објекти кои повеќе не се управувани од управителите, ОСОБЕНО што за нив Регулаторната комисија за домување ги има податоците согласно својата база на податоци како пријавени објекти кои се управувале од управители.

Истото се однесува за намалување на 34 објекти управувани од заедниците на сопственици. Без малку се однесува на бројка од околу 200 ОБЈЕКТИ, за кои нема никаков извештај во кој смер се пренасочило управувањето со овие објекти.

Воедно, се напоменува дека околу 50% од станбениот фонд во Република Северна Македонија се уште немаат никакво управување на заедничките делови.

Ако се претпостави дека Извештај за работа на Регулаторната комисија за домување кој најмалку се доставува двапати годишно е можеби единствениот механизам за контрола на работењето на Регулаторната комисија за домување, сепак треба да ги даде потребните одговори на погоре поставените прашања.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија не може да даде позитивно мислење по Извештајот за работа на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1.7.2024 година до 31.12.2024 година" и предлога, пред се, да се изврши контрола во работењето на оваа државна институција, а истата да го коригира Извештајот со реални, систематизирани и прецизни податоци, кој не мора да биде обемен по квантитет и бројот на страници кои ќе ги содржи, туку со квалитетни, систематизирани и концизни податоци кои ќе ја дадат вистинската слика на активностите од кои може јасно да биде согледано работењето на Регулаторната комисија за домување.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.273/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 7 ставови (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) и Автентичното толкување на членот 7 ставови 2, 3 и 4 од истиот закон, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/24 и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наводите во Иницијативата подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 7 став (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со посебно барање за донесување времена мерка, поради тоа што смета дека оспорените одредби не се во согласност со одредбите член 8 став 1 алинеи 3 и 7, член 52 ставови 1 и 4, член 55, член 68 став 1 алинеја 2 и член 75 од Уставот на Република Северна Македонија. Имено, со точките 3 и 4 од Иницијативата подносителот укажува дека со постапката за измена на Законот преку автентично толкување повредена е забраната за ретроактивно дејство на законите утврдена во член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, како и обврската за објавување на законите пред да влезат во сила утврдена во член 52 став 1 од Уставот. Притоа, дополнително укажува дека ваквата забрана може да се воведе само со закон и само со конкретни одредби од законот, при што ваквото отстапување од забраната за ретроактивно дејство на законите мора да биде оправдано со постоење на општ интерес за доброто на граѓаните.

Согласно член 52 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила, а согласно став 4 од истиот член, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Тргнувајќи од тоа дека автентичното толкување стапува на местото на одредбата на која се однесува и на тој начин станува дел од законот од самиот почеток од влегување во сила на законот, неосновано е тврдењето дека со оспореното автентично толкување се овозможувала ретроактивна примена на законот која е понеповолна за граѓаните. Дополнително, приредувањето на игрите на среќа по својот карактер е специфична дејност за што законодавецот пропишал соодветни норми имајќи ја предвид заштитата на учесниците во игрите на среќа и социјалната димензија на истите.

Со точката 2 од Иницијативата подносителот укажува дека со измената на законот преку автентично толкување се повредува законодавната постапка за донесување на закони и постапката за давање на автентично толкување.

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, предвидено е дека Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите, а со член 75 од Уставот на Република Северна Македонија, предвидено е дека законите се прогласуваат со указ.

Во врска со овие наводи, а имајќи предвид дека со донесување на автентичното толкување истото станува дел од законот од самиот почеток од влегување во сила на законот, неосновано е тврдењето дека не е испочитувана постапката за донесување на закони, од причина што не се работи за измена и дополнување на закон, туку само доуредување на постојни одредби од законот во насока на нивно дообјаснување.

Со точките 1, 5 и 6 од Иницијативата подносителот укажува дека измените на законот преку автентичното толкување се во директна спротивност на начелото на слободата на пазарот и претприемништвото, начелото на владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок, како и дека со измените на законот се повредуваат членот 8 став 1 алинеи 3 и 7 и членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија со обезбедување на монополска положба и монополско однесување на пазарот.

Според член 8 став 1 алинеи 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија, правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Според член 55 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Според член 7 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Северна Македонија, која тоа право може да го пренесе на трговски друштва кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон, преку издавање на лиценца, односно дозвола и тоа само за приредувањето на игрите на среќа утврдени со член 7 став (4) од овој закон. Правото на приредување на лотариските, интернет и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Северна Македонија не може да го пренесе на овој начин и овие игри на среќа Република Северна Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

Законот, единствено го врзува правото за приредување на лотариските, електронските и интернет игрите на среќа, освен томболата од затворен тип со трговското друштво од член 7 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, без оглед на формата на друштвото, како и сите други трговски друштва во Република Северна Македонија кои имаат законска можност да се стекнат со правото на приредување на игри на среќа и на забавни игри, под услов во ова друштво Република Северна Македонија да е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главина на друштвото. Според тоа, неосновано е повикувањето на подносителот на Иницијативата за спротивност на оваа одредба со уставната обврска на Републиката од член 55 од Уставот на Република Северна Македонија за преземање мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот со оглед на тоа што за останатите 49% од акциите или уделите во ова трговско друштво дадена е законска можност да бидат во сопственост на останати правни или физички лица.

Токму со Законот за игрите на среќа и за забавните игри, законодавецот користејќи го своето овластување ја утврдил сопственичката организација на трговското друштво за приредување на лотариски, електронски и интернет игри на среќа, земајќи ги предвид наведената специфичност на оваа дејност и карактерот на соодветните игри на среќа.

Според тоа, законодавецот се определил правото на приредување на лотариските, интернет и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип како лотариска игра на среќа, да го задржи за државата, која ова право ќе го остварува преку основање на трговско друштво кое овие игри на среќа ќе ги приредува во име и за сметка на Република Северна Македонија.

Определбата на законодавецот, користејќи го своето легитимно право, за задржување на правото на приредување на лотариските, интернет и електронските игри на среќа кај државата, освен томболата од затворен тип, односно нивно непренесување на останатите субјекти на пазарот произлегува од видот и карактерот на овие игри на среќа, начинот на нивното приредување, обемот и сложеноста на овие игри на среќа и особено на фактот на нивната широка распространетост и достапност за субјектите како учесници во овие игри на среќа.

Приредувањето на игрите на среќа по својот карактер е специфична дејност за што законодавецот пропишал строги услови чие исполнување е неопходно за да се започне со нејзино вршење, имајќи ја предвид заштитата на учесниците во игрите на среќа и социјалната димензија на истите.

Првенствена цел на приредувањето на игрите на среќа од аспект на државата не е стекнување на приход, туку обезбедување на заштита, гаранција, сигурност и спречување на негативните влијанија кои игрите на среќа можат да ги имаат кај учесниците во игрите на среќа и нивните семејства.

Според тоа, неопходно е соодветно законско одредување на условите, начинот и обемот на приредувањето на игрите на среќа и особено создавање на соодветни механизми за заштита на учесниците во игрите на среќа.

Овој начин на уредување на пазарот на игрите на среќа е широко распространет во земјите членки на Европската Унија, другите европски земји и другите земји со функционална пазарна економија, без да се доведат во прашање слободниот пазар, слободата на претприемништвото, еднаквоста на субјектите на пазарот, правната заштита на сопственоста во нивните правни поредоци и либерално-демократскиот карактер на нивните највисоки правни акти.

Со оглед на горенаведеното, не може да се тврди дека со оспорените одредби на член 7 од Законот е повредена правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото.

Со оглед на тоа што правото на приредување на игрите на среќа согласно член 7 став (1) од Законот од горенаведените причини е утврдено како право на Република Северна Македонија, таа ги приредува игрите на среќа за кои законодавецот со овој закон ја овластил.

Како што е погоре наведено, Република Северна Македонија го задржува правото за приредување на игрите на среќа како ексклузивно право за себе со тоа што во Законот за игрите на среќа и забавните игри се пропишани условите кои треба да ги исполнуваат правните лица за да може одредена игра на среќа да им биде пренесена тие самостојно да ја приредуваат. Со оглед на фактот што приредувањето на лотариските, интернет и електронските игри на среќа не се пренесува на други правни субјекти, како модел на приредување на истите е избрано основање на трговско друштво кое е во доминантна сопственост на Република Северна Македонија. Монополската положба на која се повикува подносителот на Иницијативата не може да се однесува на правата кои за себе ги има задржано Република Северна Македонија, а особено не во игрите на среќа. Неосновани се тврдењата за монополската положба на правата за извршување на дејноста приредување игри на среќа на Република Северна Македонија, со оглед дека преку Владата на Република Северна Македонија со издавањето на лиценци секое трговско друштво доколку ги исполнува законските услови може да приредува останати игри на среќа меѓу кои се и интернет игрите на среќа. Ова дотолку повеќе што согласно член 98 став (1) од Законот за игрите на среќа и на забавните игри, интернет игрите на среќа се приредуваат врз основа на лиценца која ја издава Владата на Република Северна Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии на пропишан образец во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии. Во законодавството на Република Северна Македонија постојат соодветни прописи врз основа на кои може да се утврди дали во одредена дејност постои монополска положба, но сепак треба да се има предвид дека монополската положба се утврдува за пазарните дејности т.е. дејностите кои се слободни на пазарот и за кои државата го нема задржано своето ексклузивно право за извршување.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека оспорените одредби на членот 7 ставови (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 156/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 252/22 и 168/24), се во согласност со член 8 став 1 алинеи 3 и 7, член 52 ставови 1 и 4, член 55, член 68 став 1 алинеја 2 и член 75 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива како правно неоснована.

## Точка 68

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Друштво за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија - Моззарт ДОО Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.274/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 7 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) и Автентично толкување на членот 7 ставови (2), (3) и (4) од истиот закон, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/24 и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наводите во Иницијативата подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 7 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри и на Автентичното толкување на член 7 ставови (2), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со предлог за донесување на решение за запирање на извршување на поединечни акти и дејствија донесени врз основа на Автентичното толкување, поради тоа што смета дека оспорените одредби не се во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеи 3 и 7 и членовите 51, 52 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно Иницијативата, подносителот од материјален-правен аспект укажува дека автентичното толкување единствено носи наслов автентично толкување, но всушност претставува целосна измена на прописот со воведување на нови правила, нова правна норма затскриена преку називот автентично толкување. Тоа се постигнува така што се менуваат одредбите од законот којшто наводно се толкува и интерпретира. Согласно подносителот, новиот акт воведува нови правила и со самото тоа го нарушува елементот на неговата несамостојност и станува обврзувачки самостоен акт што е противуставен затоа што ја заобиколил законската постапка за донесување на нови општи акти. Истовремено, новите правила т.е. новата правна норма спакувана во формата на автентично толкување го повредува уставниот принцип за немање на ретроактивно дејство на законите. Таквото конкретно постапување на законодавецот, согласно подносителот, значи нарушување на основниот принцип на владеење на правото создава правна несигурност, а со заобиколување на редовната постапка за донесување на закони се остваруваат конректни политички интереси, а се повредуваат основните правни принципи.

Членот 7 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) гласи:

„(1) Приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Северна Македонија, ако со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Лотариските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Северна Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

(3) Електронските и интернет игрите на среќа се приредуваат од страна на трговското друштво од ставот (2) на овој член, само или заедно со други приредувачи, при што без оглед на формата на здружување ова трговско друштво треба да има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во здружувањето.

(4) Правото на приредување на останатите игри на среќа и забавните игри утврдени со овој закон, вклучувајќи ја и томболата од затворен тип, Република Северна Македонија го пренесува со издавање на лиценца, односно дозвола на трговски друштва, односно трговец-поединец, кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон.

(5) Лиценцата, односно дозволата од ставот (3) на овој член не смее да се пренесе на друго трговско друштво, односно трговец-поединец.".

Владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија и таа вредност се остварува така што законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите, при што секој субјект е должен да го почитува Уставот и законите. Собранието на Република Северна Македонија има овластување да дава автентично толкување на законските одредби, при што Уставот остава законодавецот да го определи обемот и постапката на давање на автентично толкување со оглед на тоа што ја донесува законската одредба.

Собранието на Република Северна Македонија даде автентично толкување на членот 7 ставови (2), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и забавните игри. Согласно автентичното толкување дадено од Собранието на Република Северна Македонија, одредбата од ставот (2) на членот 7 од Законот, треба да се толкува така што приредувањето на лотариските игри на среќа може да се врши само од државата, односно од Државна лотарија на Република Северна Македонија.

Одредбата од став (3) на членот 7 од Законот треба да се толкува така што приредувањето на електронските и интернет игри на среќа може да се врши само од едно трговско друштво предвидено во ставот (2) на овој член. Трговското друштво од ставот (2) на овој член, приредувањето на електронските и интернет игри на среќа може да го врши само или заедно со други приредувачи кои не можат да имаат повеќе од 49% учество во основната главнина

во тоа друштво. Интернет игрите на среќа се приредуваат врз основа на лиценца за приредување на интернет игри на среќа согласно овој закон.

Одредбата на ставот (4) од членот 7 од Законот треба да се толкува така што за приредувањето на останатите игри на среќа (интернет игри на среќа, наградни игри, интерактивни игри на среќа, казино, обложувалница, автомат-клуб) и забавни игри е потребна лиценца односно дозвола на трговски друштва односно трговец поединец кои ги исполнуваат условите утврдени во законот.

Видно од законските одредби од членот 7 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, како и автентичното толкување дадено од Собранието на Република Северна Македонија на истиот член, е јасно дека автентичното толкување е само појаснување на законската одредба.

Прво, согласно Автентичното толкување:

„одредбата од ставот (2) на членот 7 од Законот, треба да се толкува така што приредувањето на лотариските игри на среќа може да се врши само од државата, односно од Државна лотарија на Република Северна Македонија.". Вака даденото толкување на ставот (2) од членот 7 е во корелација и претставува појаснување на самиот став (2) од членот 7 од Законот, односно:

„(2) Лотариските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Северна Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.".

Второ, согласно Автентичното толкување:

„Одредбата од став (3) на членот 7 од Законот треба да се толкува така што приредувањето на електронските и интернет игри на среќа може да се врши само од едно трговско друштво предвидено во ставот (2) на овој член. Трговското друштво од ставот (2) на овој член, приредувањето на електронските и интернет игри на среќа може да го врши само или заедно со други приредувачи кои не можат да имаат повеќе од 49% учество во основната главнина во тоа друштво. Интернет игрите на среќа се приредуваат врз основа на лиценца за приредување на интернет игри на среќа согласно овој закон.".

Вака даденото толкување на ставот (3) од членот 7 е во корелација и претставува појаснување на самиот став (3) од членот 7 од Законот, односно:

„(3) Електронските и интернет игрите на среќа се приредуваат од страна на трговското друштво од ставот (2) на овој член, само или заедно со други приредувачи, при што без оглед на формата на здружување ова трговско друштво треба да има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во здружувањето.".

Истовремено, согласно член 98 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри:
„(1) Интернет игрите на среќа се приредуваат врз основа на лиценца која ја издава Владата на Република Северна Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии на пропишан образец во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.”.

Оттука, толкувањето дека интернет игрите на среќа се приредуваат врз основа на лиценца за приредување на интернет игри на среќа согласно овој закон, е во согласност со член 98 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Трето, согласно Автентичното толкување:

„Одредбата на ставот (4) од членот 7 од Законот треба да се толкува така што за приредувањето за останатите игри на среќа (интернет игри на среќа, наградни игри, интерактивни игри на среќа, казино, обложувалница, автомат клуб) и забавни игри е потребна лиценца, односно дозвола на трговски друштва, односно трговец поединец кои ги исполнуваат условите утврдени во Законот.”.

Вака даденото толкување на ставот (4) од членот 7 е во корелација и претставува појаснување на самиот став (4) од членот 7 од Законот, односно:

„(4) Правото на приредување на останатите игри на среќа и забавните игри утврдени со овој закон, вклучувајќи ја и томболата од затворен тип, Република Северна Македонија го пренесува со издавање на лиценца, односно дозвола на трговски друштва, односно трговец-поединец, кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон.”.

Согласно горенаведеното, неоснована е констатацијата на подносителот на Иницијативата дека Автентичното толкување претставува целосна измена на прописот со воведување на нови правила и нова правна норма затскриена преку називот автентично толкување. Јасно е дека Автентичното толкување е во корелација и претставува појаснување на членот 7 од Законот и истото не воведува нови правила. Оттука, неоснована е констатацијата на подносителот дека со Автентичното толкување се менуваат одредбите од Законот.

Автентично толкување на законите значи утврдување на содржината и вистинската смисла на веќе донесен закон, кој во примената покажува нејасност, двосмисленост или содржи празнини. Автентичното толкување е составен дел на објавениот закон, а не негово дополнување или изменување или нов закон, при што истото нема ретроактивно дејство, туку истото се однесува на закон кој се применува од денот на неговото влегување во сила. Ова толкување стапува на местото на одредбата на која се однесува и на тој начин станува дел од законот од самиот почеток од неговото влегување во сила.

Оттука, се предлага Уставениот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставност на Автентичното толкување на член 7 ставови (2), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри дадено од Собранието на Република Северна Македонија како правно неосновано.

Дополнително, подносителот на Иницијативата предлага ако Уставниот суд на Република Северна Македонија не го прифати предлогот на предлагачот за самостојна оценка на уставноста на Автентичното толкување, подносителот во тој случај предлага Уставниот суд да ја оценува уставноста на член 7 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри со значење на законските норми содржани во нив во светлото на даденото автентично толкување.

Според член 8 став 1 алинеи 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија, правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.Според член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 52 од Уставот на Република Северна Македонија, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила. Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија", најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Според член 55 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Според член 7 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Северна Македонија, која тоа право може да го пренесе на трговски друштва кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон, преку издавање на лиценца, односно дозвола и тоа само за приредувањето на игрите на среќа утврдени со член 7 став (4) од овој закон. Правото на приредување на лотариските, интернет и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Северна Македонија не може да го пренесе на овој начин и овие игри на среќа Република Северна Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

Законот единствено го врзува правото за приредување на лотариските, електронските и интернет игри на среќа, освен томболата од затворен тип со трговското друштво од член 7 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, без оглед на формата на друштвото, како и сите други трговски друштва во Република Северна Македонија кои имаат

законска можност да се стекнат со правото на приредување на игри на среќа и на забавни игри, под услов во ова друштво Република Северна Македонија да е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главина на друштвото. Според тоа, неосновано е повикувањето на подносителот на Иницијативата за спротивност на оваа одредба со уставната обврска на Републиката од член 55 од Уставот на Република Северна Македонија за преземање мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот со оглед на тоа што за останатите 49% од акциите или уделите во ова трговско друштво дадена е законска можност да бидат во сопственост на останати правни или физички лица.

Токму со Законот за игрите на среќа и за забавните игри, законодавецот користејќи го своето овластување ја утврдил сопственичката организација на трговското друштво за приредување на лотариски, електронски и интернет игри на среќа, земајќи ги предвид наведената специфичност на оваа дејност и карактерот на соодветните игри на среќа.

Според тоа, законодавецот се определил правото на приредување на лотариските, интернет и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип како лотариска игра на среќа, да го задржи за државата, која ова право ќе го врши преку основање на трговско друштво кое овие игри на среќа ќе ги приредува во име и за сметка на Република Северна Македонија.

Определбата на законодавецот, користејќи го своето легитимно право, за задржување на правото на приредување на лотариските, интернет и електронските игри на среќа кај државата, освен томболата од затворен тип, односно нивно непренесување на останатите субјекти на пазарот произлегува од видот и карактерот на овие игри на среќа, начинот на нивното приредување, обемот и сложеноста на овие игри на среќа и особено на фактот на нивната широка рапространетост и достапност за субјектите како учесници во овие игри на среќа.

Приредувањето на игрите на среќа по својот карактер е специфична дејност за што законодавецот пропишал строги услови чие исполнување е неопходно за да се започне со нејзино вршење, имајќи ја предвид заштитата на учесниците во игрите на среќа и социјалната димензија на истите.

Првенствена цел на приредувањето на игрите на среќа од аспект на државата не е стекнување на приход, туку обезбедување на заштита, гаранција, сигурност и спречување на негативните влијанија кои игрите на среќа можат да ги имаат кај учесниците во игрите на среќа и нивните семејства.

Според тоа, неопходно е соодветно законско одредување на условите, начинот и обемот на приредувањето на игрите на среќа и особено создавање на соодветни механизми за заштита на учесниците во игрите на среќа.

Овој начин на уредување на пазарот на игрите на среќа е широко распространет во земјите членки на Европската Унија, другите европски земји и другите земји со функционална пазарна економија, без да се доведат во прашање слободниот пазар, слободата на претприемништвото, еднаквоста на субјектите на пазарот, правната заштита на сопственоста

во нивните правни поредоци и либерално-демократскиот карактер на нивните највисоки правни акти.

Со оглед на горенаведеното, не може да се тврди дека со оспорените одредби на член 7 од Законот е повредена правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото.

Со оглед на тоа што правото на приредување на игрите на среќа согласно член 7 став (1) од Законот од горенаведените причини е утврдено како право на Република Северна Македонија, таа ги приредува игрите на среќа за кои законодавецот со овој закон ја овластил.

Како што е погоре наведено, Република Северна Македонија го задржува правото за приредување на игрите на среќа како ексклузивно право за себе со тоа што во Законот за игри на среќа и забавни игри се пропишани условите кои треба да ги исполнуваат правните лица за да може одредена игра на среќа да им биде пренесена тие самостојно да ја приредуваат. Со оглед на фактот што приредувањето на лотариските, интернет и електронските игри на среќа не се пренесува на други правни субјекти, како модел на приредување на истите е избрано основање на трговско друштво кое е во доминантна сопственост на Република Северна Македонија. Монополската положба на која се повикува подносителот на Иницијативата не може да се однесува на правата кои за себе ги има задржано Република Северна Македонија, а особено не во игрите на среќа. Неосновани се тврдењата за монополската положба на правата за извршување на дејноста приредување игри на среќа на Република Северна Македонија, со оглед дека преку Владата на Република Северна Македонија со издавањето на лиценци секое трговско друштво доколку ги исполнува законските услови може да приредува останати игри на среќа меѓу  кои се и интернет игрите на среќа. Во законодавството на Република Северна Македонија постојат соодветни прописи врз основа на кои може да се утврди дали во одредена дејност постои монополска положба, но сепак треба да се има предвид дека  монополската положба се утврдува за пазарните дејности т.е. дејностите кои се слободни на пазарот и за кои државата го нема задржано своето ексклузивно право за извршување.

Имајќи го предвид претходно наведеното се укажува дека оспорените одредби  на член 7 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 251/22) и Автентичното толкување на членот 7 ставови (2), (3) и (4) од истиот закон, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/24, се во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеи 3 и 7 и членовите 51, 52 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија  му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како правно неоснована.

<u>**Точка 69**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.272/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 19 од Уредбата за начинот, поблиските критериуми за

доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.182/24 и 251/24) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека според Амандманот XXI на Уставот на Република Северна Македонија се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка од прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон. Подносителот наведува дека ако правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон, тогаш Уредбата е спротивна на Амандманот од Уставот, од причини што Уредбата претставува подзаконски акт со кој се разработуваат поподробно прашања кои одредбата од прописот како закон допушта да бидат разработени со таков подзаконски акт, но не и со поздаконскиот акт да се уредува правото на правна заштита, туку такво нешто може да биде предмет на уредување само на законска материја.

Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиската поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка е донесена согласно член 49 став 5 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/24, 224/24 и 3/25).

Во ставот (1) од член 49 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/24, 224/24 и 3/25) е уредено дека заради побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај, Владата на Република Северна Македонија и единиците на локалната самоуправа можат да доделуваат финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и на странски авиопревозници.

Понатаму, во ставот (2) е уредено дека финанската поддршка од ставот (1) на овој член се определува врз основа на следниве критериуми:

- зголемување на фрекфенцијата на летови на одредена дестинација,
- воведување нови дестинации,
- зголемување на број на патници и
- исполнување на условите за вршење на воздушен превоз во согласност со овој закон.

Во ставот (3) е уредено дека за определување на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член, Владата на Република Северна Македонија донесува тригодишна програма, по претходно добиено мислење од Министерството за финансии и од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Во ставот (4) е уредено дека за определување на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член, единиците на локалната самоуправа донесуваат тригодишна програма, по претходно добиено мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Во ставот (5) е уредено дека начинот, поблиските критериуми од ставот (2) на овој член и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член ги утврдува Владата на Република Северна Македонија, односно советите на единиците на локалната самоуправа.

И во ставот (6) е уредено дека средствата за финансирање на програмата од ставот (3) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, односно од Буџетот на единиците на локалната самоуправа.

Согласно оваа одредба од Законот за воздухопловство, доделувањето на финансиската поддршка се врши со донесување на тригодишна програма за определување на финансиски средства за таа намена, а постапката преку која авиопревозниците ќе можат да поднесуваат барање за нивно користење се уредува со подзаконски акт кој го донесува Владата.

Со Уредбата се утврдува посебна постапка во која се врши доделување на финансиска поддршка, која не е управна постапка. Имено, оваа постапка за доделување на финансиската поддршка започнува преку отворен јавен повик. Понатаму, во Уредбата се утврдува потребната документација која треба да ја достават авиопревозниците, како и поблиските критериуми за доделување на финансиската поддршка. Согласно пропишаното во Уредбата, секое поднесено барање поединечно ќе се разгледува, односно за секое барање поединечно ќе се одлучува со решение. Во постапката, правната заштита на барателот на кој нема да му биде одобрено да склучи договор за финансиска поддршка се обезбедува преку управен спор, а со авиоревозникот на кој му е одобрено барањето се склучува договор за финансиска поддршка помеѓу министерството и авиопревозникот. Целта на договорот е остварување на јавен интерес.

Одредбата од членот 19 на Уредбата, не го уредува правото на правна заштита, туку само упатува дека правото на правна заштита на акт донесен од орган на државната управа, може да се оствари преку поведување на управен спор, како право кое на странката и е уставно гарантирано како судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа.

Во членот 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) е уредено дека во управен спор се обезбедува судска заштита на правата и правните интереси на физичките и на правните лица против поединечни управни акти и дејства на јавните органи во согласност со овој закон. Законот за управните спорови е системски закон кој уредува дека законитоста на актите донесени од јавен орган се предмет на управно-судска контрола.

Врз основа на горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 19 од Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски

авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.182/24 и 251/24).

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5705, КО Радишани, на КП бр.2035. викано место/улица „Гробишта" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт, како и Мислењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Меѓународен балкански универзитет во Скопје и по истата дава позитивно мислење.

**Точка 72**

**1.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини.

**2.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик-директор на Агенција за странски инвестиции.

**3.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Геолошки завод.

**4.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик-директор на Управата за јавни приходи.

**5.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Фонд за осигурување на депозити.

**6.** Владата го разреши Африм Ќоку од должноста вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии.

**6.1** Владата го именува Африм Ќоку за директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**7.** Владата ја именува Менка Андреева за директор на Инспекторатот за употреба на македонскиот стандарден јазик, орган во состав на Министерството за култура и туризам и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**8.** Владата го разреши Ерџан Зеќири од должноста вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт.

**8.1** Владата го именува Ерџан Зеќири за директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено му утрврди коефициент за пресметување на плата.

**9.** Владата ја разреши Ивана Гиновска од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министеството за животна средина и просторно планирање.

**9.1** Владата ја именува Ивана Гиновска за директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министеството за животна средина и просторно планирање и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**10.** Владата го разреши Бејтула Камбери од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**10.1** Владата го именува Бејтула Камбери за директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**11.** Владата го разреши Игор Чоневски од должноста вршител на должноста директор на Фитосанитарната управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**11.1** Владата го именува Игор Чоневски за директор на Фитосанитарната управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**12.** Владата ја назначи проф. д-р Татјана Атанасова – Пачемска за член на Одборот за Македонска рамка за квалификации од Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија.

**13.** Владата ја разреши Кети Василеска од должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за јавна администрација.

**13.1** Владата ја именува Катерина Марковиќ Јанковска за вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за јавна администрација и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**14.** Владата донесе Одлука за давање согласност на Одлуката за именување на вршител на должност директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија бр. 02-1173/1 од 14 март 2025 година, со која за вршител на должноста директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија се именува Никола Мемов.

**15.** Владата за членови и заменици на членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ги назначи:

1) За членови и заменици-членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, се назначуваат:
а) од редот на вработените во органите на државната управа на предлог од:
1. Министерство за внатрешни работи
- Лидија Најдова-Ниневска (член) и
- Гоце Стоиловски (заменик-член)
2. Министерство за правда
- Бојана Босилкова (член) и
- Александра Цветановска (заменик-член)
3. Министерство за односи меѓу заедниците
- Суеда Бајрами (член) и
- Егзона Локи (заменик-член)
4. Министерство за европски прашања
- Даница Насова Иванова (член) и
- Флутура Лазами (заменик-член)
5. Министерство за финансии
- Ангелина Јакимовска (член) и
- Оливера Маркоска Ивановски (заменик-член)

6. Министерство за економија и труд
- Елизабета Поп-Ангелова (член) и
- Бети Попова (заменик-член)

7. Министерство за здравство
- Бесник Бајрами (член) и
- Јелена Арсова (заменик-член)

8. Министерство за образование и наука
- Весна Виќњевиќ (член) и
- Александра Анчева (заменик-член)

9. Министерство за социјална политика, демографија и млади,
- Шпреса Саиди (член) и
- Александра Крстеска Ангеловска (заменик-член)

10. Министерство за локална самоуправа
- Стефан Вангелски (член) и
- Александра Куновска (заменик-член)

11. Министерство за култура и туризам
- Снежана Ристовска (член) и
- Ирина Димовска (заменик-член)

12. Министерство за дигитална трансформација
- Оливера Јакшиќ Транталовска (член) и
- Марјан Патлиџанковски (заменик-член)

13. Министерство за животна средина и просторно планирање.
- Лендита Дика (член) и
- Мисрете Едипи (заменик-член)

б) на предлог на организациите регистрирани, согласно Законот за здруженија и фондации од следните области:

14. Развој на граѓанското општество
- Валентина Величковска (член) и Дарко Димов (заменик-член) Македонски центар за меѓународна соработка-Скопје.

15. Владеење на правото и борба против корупцијата
- Дарко Аврамовски (член) и Лејла Тутиќ (заменик-член) Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ - Скопје,

16. Демократија, промоција и заштита на човековите права и добро владеење
- Маја Атанасова (член) и Бојана Божиновска Силјановска (заменик-член), Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје,

17. ЕУ интеграции и политики
- Симонида Кацарска (член) и Беба Жагар (заменик-член), Институт за европска политика-Скопје,

18. Економски и одржлив развој
- Никица Кусиникова (член) и Виктор Мирчевски (заменик-член), Здружение Конект-Скопје,

19. Образование и младинско учество
- Моника Илиоска Кантарџиоска (член) и Томислав Гајтаноски (заменик-член), Коалиција на младински организации СЕГА - Прилеп,

20. Социјална заштита и заштита на деца,

- Сузана Стојановска (член) и Ирена Лозана (заменик-член), Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со Даунов синдром Дневен центар Доза среќа-Скопје,

21. Родова еднаквост

- Теа Зографска (член) и Мартина Станковиќ (заменик-член), Сојуз-Национален совет за родова рамноправност - Скопје,

22. Заштита на здравјето

- Елизабета Божиноска (член), ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување - Скопје и Андреј Сених (заменик-член), Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ-Заедно посилни, Скопје,

23. Земјоделство, рурален и рамномерен регионален развој

- Емилиа Ѓероска (член) и Рубин Николоски (заменик-член), Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола,

24. Култура

- Зоран Димов (член), Здружение ромски деловен информативен центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски (заменик-член), Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово,

25. Медиуми и информатичко општество

- Бардил Јашари (член) и Данче Даниловска Бајдевска (заменик-член), Фондација за интернет и општество Метаморфозис - Скопје,

26. Заштита на животната средина

- Драгица Вучковиќ (член) и Милорад Вучковиќ (заменик-член), Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор - Битола.

2) Со назначувањето на членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на досегашните членови: Снежана Стојковска, Бојана Босилкова, Санела Хаџибулиќ, Татјана Васева, Сузана Арсова Костадинова, Кристина Петрова, Слободанка Анчевска, Билјана Трајковска, Лидија Штерјов, Ели Чакар, Љуљзим Селмани, Дијана Соколовска, Гордана Гапиќ-Димитровска, Христина Конеска Бероска, Гордана Цекова, Снежана Камиловска Трповска, Уранија Пировска, Никица Кусиникова, Димитар Низамовски, Зоран Илиески, Јасминка Фришчиќ, Далиборка Златева, Марија Савовска, Андреј Сених, Лилјана Јоноски, Тијана Ана Спасовска, Никола Додов, Ардита Абази Имери и Сашка Коцевска, им се утврдува престанок на мандатот.

## Точка 73

**1.** Владата ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ја отстапи заштитната ограда на Министерството за внатрешни работи за потребите при организирање на погребот на трагично починатите лица во пожарот што се случи во клубот „Пулс“ во Кочани, на 16 март 2025 година.

**2.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да го организира патувањето и престојот/хотелското сместување во странство (по можност во близина на болниците каде што ќе бидат сместени повредените лица) на

членовите на семејствата, кои ќе патуваат во својство на придружба на македонските државјани/пациенти што се хоспитализирани и се лекуваат во странство и за истото да ги покрие сите трошоци.

2) Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните финансиски средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, како план на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за исплата на финансиски средства во висина од 30.000.000,00 денари на Службата.

3) Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**3.** По повод укажувањето на м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, во однос на загадувањето на воздухот во Републиката и заложбата на Владата за намалување на загадувањето, Владата ги задолжи Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да формираат работна група којашто ќе ја разгледа можноста за законски измени во насока на обврзување на инвеститорите на новите градби за колективно домување, за задолжително приклучување во системот за снабдување со топлинска енергија (централно парно греење), онаму каде што истото е достапно како мерка, со цел заштита на животот и здравјето на граѓаните и намалување на емисиите на загадувачки супстанции при алармантно загадување на воздухот.

**4.** Владата во врска со Информацијата за потребата од експропријација на недвижен имот сопственост на Република Северна Македонија - Агенција за управување со одземен имот, заради реализација на јавен интерес од значење на Република Северна Македонија, изградба на Автопат А2, делница Кичево – Охрид, ја задолжи Агенцијата за управување со одземен имот, да ги преземе сите потребни активности согласно член 40 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, за отстапување на недвижностите запишани во Имотен лист бр. 306, КО. Попоец, КП. 2213/1 и КП. 2214/1 на Јавното претпријатие за државни патишта и во рок од 10 дена да достави во редовна владина постапка материјал за давање согласност на истата.

**5.** Владата го разгледа Статистичкиот извештај за склучени договори за јавни набавки врз основа на Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста за 2024 година на Министерството за одбрана, како материјал за информирање.

**6.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, ја информираше Владата во врска со настаните поврзани со трагичниот настан – пожарот во клубот „Пулс" во Кочани, во кој животот го загубија 59 млади луѓе.

Истовремено, искажа огромна благодарност до сите институции кои активно се вклучени во истрагата за целосно расветлување на случајот, како и на медицинските лица/здравствени работници и здравствените државни и приватни установи, како и на сите држави кои

понудија и се уште пружаат помош во смисла на прифаќање на пациенти во своите држави и испраќање на свои медицински тимови во нашата земја.

**7.** Владата го разгледа Барањето на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, за изменување на Заклучокот бр.2, точка 21: „Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина, со Нацрт-текст на Договор“, од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 февруари 2025 година и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 90 дена, да го достави Нацрт-текстот на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина, до украинската страна.“.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничката инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, за периодот 1.7.2024 – 30.9.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Оперативниот и финансиски план на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје за 2025 година и Програмата за работа на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје за 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 76**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, за периодот април – јуни 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Акцискиот план за преземените мерки по забелешките и препораките од ревизорите од Мур стивенс ДОО по Годишната сметка на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.7.2024 година до 30.9.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата го одложи разгледувањето на Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 14 март 2024 година и Записникот од Втората седница на Групата за процена на ризици и опасности, одржана на 11 март 2025 година, со предлог – одлуки, за наредната седница на Влада.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и трета одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и осма одлука) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 82**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и втора одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и четврта одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 84**

Владата ја донесе Програмата за распределба и користење на средства за реализација на проекти во сообраќајната инфраструктура за 2025 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Европски патен коридор од стратешки интерес, Коридор 8:  делница Кичево - Охрид на минерална суровина – дијабаз на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Врбјани“, Општина Дебарца.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање и делокруг на координативно тело за интелектуална сопственост и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии во однос на дополнителните фискални импликации.

*

*   *

Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање и делокруг на координативно тело за интелектуална сопственост, не е разлизирана, со оглед дека во буџетот на Државниот завод за индустриска сопственост нема испланирано дополнителни финансиски средства.

*

*   *

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени контроли согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Шеесеттата седница на Влада на Република Северна Македонија одржана на 16 март 2025 година, за вонредни инспекциски надзори врз угостителски објекти (кабареа, ноќни барови, дискоклубови и дискоклубови на отворен простор) на територијата на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Министерството за економија и труд да изврши проверка на дваесет и двете важечки лицинеци во смисла на проверување на нивната веродостојност во архивата на Министерството.

2. Министерството за внатрешни работи веднаш да достави соодветни измени и дополнувања на законската регулатива во насока на забрана на употреба на експлозивни материи - пиротехнички производи  во затворен простор.

3. Се задолжуваат сите надлежни институции согласно претходно утврден план, координирано да настапуваат при проверка на исполнување на условите за вршење на угостителска дејност, согласно законските надлежности.

4. Министерството за економија и труд да веднаш да подготви соодветни измени и дополнувања на Законот за угостителската дејност во насока проверката на минимално – техничките услови за работа да се врши пред издавање на лиценцата.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-решение за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за потпишување на правни исправи за ангажирање на меѓународна адвокатска куќа за обезбедување на правни услуги од областа на меѓународното и швајцарското право, со прилог Полномошно и Писмо за ангажирање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се согласува со содржината на предложеното Писмо за ангажирање и Полномошно за обезбедување на правни услуги од областа на меѓународното и швајцарското право, доставени од страна на адвокатската куќа Three Crowns LLP и предлог наведените цени.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, во својство на претседавач на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, во рок од три дена да ги потпише предложените документи и тоа Писмото за ангажирање и Полномошното доставени од страна на адвокатската куќа Three Crowns LLP.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:45 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |